Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 194/0306
18.07 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 јули 2022 година, врз основа на примена жалба од адвокат Зоран Милошевски, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет - порталот „ДоказМ.мк“, насловен „Повредени три лица во вчерашниот пожар во хотел во Неготино Тоше Зафиров ти ли бе брат палеше клечката?“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 22-ри јуни 2022 година, авокатот Зоран Милошевски поднесе жалба за текстот со наслов „Повредени три лица во вчерашниот пожар во хотел во Неготино Тоше Зафиров ти ли бе брат палеше клечката?“, објавен на 22 јуни 2022 година на интернет - порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazm.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, односно дека е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите.

Адвокатот Милошевски вели дека во оспорениот текст се изнесени лажни и невистинити факти кон лицето Тоше Зафиров. Тој дополнува дека со искривување на фактите и изнесување лажни вести во содржината, Зафиров бил поврзан со настан за кој ниту бил запознат, ниту имал каква било поврзаност.

*„Лицето Тоше Зафиров воопшто нема никаква поврзаност со наведените настани и поради тоа ја поднесуваме оваа жалба со оглед на тоа што со ваквото известување се нанесува директна штета на угледот на лицето Тоше Зафиров и за што ќе биде поведена соодветна судска постапка“*, нагласува Милошевски во поднесната жалба за „ДоказМ.мк“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот се прекршени член 1 и член 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:** „Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „ДоказМ.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 12-ти јули 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата најнапред утврди дека се работи за текст кој се коси со најосновните етички стандарди и нема допирни точки со професионалното новинарство.

Дел од содржината на самиот текст, сама по себе, е коректна и се заснова на официјална информација од полициски билтен за пожар во хотел во Неготино, во кој има три повредени лица. Но, за Комисијата за жалби, спорен е насловот, кој е наведувачки, манипулативен, доведува во заблуда и воопшто не соодветствува со содржината на текстот.

Авторот, кој не е потпишан на текстот, во насловот директно прозива физичко лице (со име и презиме) за наводна инволвираност во пожар, без притоа во самиот текстот да го спомене тоа, да наведе било какви аргументи за своите сомнежи или да ѝ даде можност на втората страна да одговори. Со други зборови, медиумот во насловот наведува едно, а во содржината воопшто не ги споменува таквите наводи.

**Наслов:** ***„Повредени три лица во вчерашниот пожар во хотел во Неготино <u>Тоше Зафиров ти ли бе брат палеше клечката</u>?“***

Ваквиот новинарски приод е непрофесионален, еднostран и не нуди минимум објективна информација. Тоа е спротивно на **член 1** од Кодексот на новинарите, кој налага дека проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку преку два меѓусебно неповрзани извора.

Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. <u>Насловот на текстот мора да одговара на неговата содржина</u>.

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

„Новинарскиот производ“ на „ДоказМ.мк“ се коси и со Насоките за етичко известување во онлајн медиумите, во делот, дека медиумите нема да објавуваат неосновани обвинувања, клевети, гласини, измислени интервјуа, анонимни дописи и други информации чија кредибилност не може да се процени. Онлајн медиумите ќе известуваат само врз основа на факти, чие потекло му е познато на новинарот, повикувајќи се на различни извори на информации и, по правило потпирајќи се на јасно идентификувани и веродостојни извори.

Членовите на Комисијата, во продолжение констатираа дека во оспорениот текст е прекршен и **член 13** од Кодексот на новинарите, отстапка што е забележлива во поднасловот од текстот:

***„конкуренцијата Памела а Тошкааа скопска финта пали џипот“***

Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Онлајн медиумите, при известувањето за секоја тема или прашање, ќе настојуваат да придонесат за подобро нејзино разбирање, преку внимателно разгледување на фактите и преку нивно соодветно поврзување, со цел да се претстави целосниот контекст и различните агли и гледишта на темата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595